SAVA
OSIGURUVANJE

SAVA
САВА осигурување, а.д. Скопје
Бр. 03 - 28037 / 2026
10.06.2026 год.

# Известување за приватност на осигуреници од доброволно приватно здравствено осигурување

## 1. Вовед

Ова Известување за приватност го регулира начинот на користење и чување на Вашите лични податоци како осигуреници во САВА Осигурување АД Скопје (во натамошниот текст: САВА Осигурување) согласно вашата полиса за доброволно приватно здравствено осигурување.

## 2. Кои категории на лични податоци ги собираме од вас?

Сава осигурување е контролор на личните податоци кои што Вие (како субјект на лични податоци) ни ги давате при склучување на договорот (полисата) за доброволно приватно здравствено осигурување. САВА Осигурување ги собира само оние податоци што се неопходни, релевантни и ограничени на целите за кои се обработуваат.

За предметната цел ги обработуваме следните категории на лични податоци:

- Идентификациски податоци: име и презиме, ЕМБГ
- Контакт податоци: телефон, е-маил, адреса на живеење и престојување
- Број на полиса
- Здравствени податоци/ здравствена историја
- Трансакциска сметка
- Опис на штетен настан
- Број на здравствена картичка

## 3. Како ги собираме вашите лични податоци?

САВА Осигурување Вашите лични податоци ги собира при водење на постапки и давање на услуги согласно Законот за супервизија на осигурување (член 109), за исполнување на Вашите права како осигуреник и склучување на договори за доброволно приватно здравствено осигурување.

Вие директно ни ги давате личните податоци кои ги собираме, освен кога во ваше име полисата ја склучува договорувач на осигурување. Ние ги собираме податоците и истите ги обработуваме кога за тоа имаме конкретна цел.

## 4. За која цел ги собираме Вашите лични податоци?

Нам ни се потребни Вашите лични податоци со цел да Ви ги овозможиме следниве услуги:

- Осигурување
- Маркетинг цели (доколку сте дале согласност)

SAVA OSIGURUVANJE

- Асистентски услуги
- Барање за надомест и исплата на штети

## 5. Кои има пристап до Вашите лични податоци?

- Вработените во САВА Осигурување кои се овластени да пристапуваат до Вашите лични податоци, но само до степен потребен за извршување на работните задачи;
- Вработените кај обработувачите (пример:доктори-цензори) кои во име на САВА Осигурување вршат обработка на лични податоци, врз основа на Договор за обработка на лични податоци;
- Секоја јавна институција на која САВА Осигурување е обврзана да и ги достави Вашите лични податоци, како законска или договорна обврска;
- Во одредени исклучителни ситуации, заради исполнување на законски обврски, пристап до Вашите лични податоци може да имаат и судови и други органи за спроведување на законот, регулаторни тела или правни застапници.

## 6. Законитост на обработката на личните податоци

Обработката на Вашите податоци е потребна заради:

- исполнување на законската обврска на контролорот САВА Осигурување (Закон за облигациони односи, Закон за супервизија на осигурување и др.), и
- исполнување на предметот на договорот (полисата за доброволно приватно здравствено осигурување).

## 7. Како ги чуваме Вашите лични податоци?

Вашите лични податоци ги обработуваме во согласност со одредбите на ЗЗЛП.
Вработените се обврзани да работат во согласност со интерните акти за заштита на лични податоци, а и давателите на услуги имаат иста обврска, врз основа на договор за обработка на лични податоци. Секое лице кое има пристап до Вашите лични податоци, без разлика дали е вработено лице во САВА Осигурување или е ангажирано од страна на САВА Осигурување како обработувач на лични податоци, е обврзано да ја заштитува тајноста на податоците и да постапува според упатствата на САВА Осигурување во согласност со важечките законски прописи за заштита на личните податоци.

Само лицата кои се овластени од страна на САВА Осигурување имаат право да пристапат до Вашите лични податоци, до степен потребен за извршување на нивните работни задачи или ангажман, а согласно издадените овластувања за вршење на обработка на личните податоци.

Секое овластено лице кое има пристап до Вашите лични податоци потпишува изјава со која се обврзува на тајност и заштита на личните податоци при нивната обработка. Притоа, се применуваат најсовремените технички и организациски мерки за заштита на податоците од неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотреба на сите нивоа на

извршување на работите. Личните податоци кои се обработуваат од страна на САВА Осигурување се чуваат во податочен систем во сопственост на САВА Осигурување.

Вашите податоци нема да се проследат на користење на трети страни, освен ако за тоа има согласност од Ваша страна или постои законска обврска.

## 8. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?

Личните податоци, Сава Осигурување ги чува во рок за цело времетраење на договорниот однос, односно најмногу до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настанaтата штета.

По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Сава Осигурување и истите нема да се обработуваат за други цели.

## 9. Кои се Вашите права?

Право на пристап – имате право да добиете потврда за тоа дали се обработуваат вашите лични податоци, како и да добиете пристап до вашите лични податоци и дополнителни информации кои се однесуваат на обработката на личните податоци.

Право на исправка - доколку сметате дека било кои лични податоци кои ги собираме се неточни или нецелосни, имате право да побарате и добиете исправка на неточните податоци или дополнување на нецелосните лични податоци.

Право на бришење – имате право да побарате да се избришат вашите лични податоци, а ние тоа барање ќе го прифатиме доколку личните податоци повеќе не се потребни за исполнување на целите, доколку приговорите на обработката и не успееме да докажеме дека нашиот легитимен интерес е поголем од вашите основни слободи и права, и доколку личните податоци се обработуваат незаконски.

Право на повлекување на согласноста – имате право да ја повлечете дадената согласнос во секое време, без да се влијае на законитоста на обработката која била заснована на согласноста пред истата да биде повлечена.

Право на преносливост – имате право да ги добиете вашите лични податоци во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што имате право да ги пренесете тие податоци на друг контролор. При остварување на правото на преносливост, вие имате право да добиете директен пренос на личните податоци од еден контролор на друг, ако тоа е технички возможно.

Право на ограничување на обработката на вашите лични податоци – имате право да побарате обработката да запре додека се утврдува точноста на податоците, додека се проверува дали легитимниот интерес преовладува над вашите основни права и слободи и слично.

Право на приговор- Имате право на приговор доколку сметате дека не ги обработуваме Вашите лични податоци на соодветен начин. Вашиот приговор ќе се земе во разгледување само за оние обработки кои ги вршиме врз основа на легитимен интерес на САВА Осигурување.

Вашите права може бесплатно да ги остварите со пополнување на соодветниот образец објавен на веб страната на Сава осигурување (https://mk.sava.insure/mk-mk/privatnost-i-zastita-na-licnite-podatoci/izvestuvanje-za-privatnost/?mode=no-cookie-notice); контактирајќи го нашиот Офицер за заштита на личните податоци на следниот емаил: ozlp@sava.mk, или да ни се обратите лично во просториите на САВА Осигурување, а ние ќе ви одговориме во рок од 30 дена.

## 10. Надлежен орган за заштита на личните податоци

Агенцијата за заштита на личните податоци е надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија
бул. „Гоце Делчев" бр. 18
Скопје Телефон: 389 2 323 0635
Е-маил: info@privacy.mk
Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци од страна на САВА Осигурување, не е во согласност со одредбите на ЗЗЛП или пак сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање пред Агенцијата за заштита на личните податоци, согласно член 97 од ЗЗЛП.
Барањето можете да го преземете на следниот линк:
https://azlp.mk/gragjani/nasoki/барање-за-утврдување-на-повреда-на-пра/

**САВА осигурување а.д. Скопје**

Генерален директор
Мелита Гугуловска

Извршен директор
Кристиан Лешков